

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***февруари 2021 година***
***ЕУЦ-број 59/2021***

## ЕВРОПСКА ЕКОНОМСКА ЗИМСКА ПРОГНОЗА 2021

https://ec.europa.eu/commission

Европската комисија на 11 февруари годинава објави Европска економска зимска прогноза, со која предвидува раст од 3,7% на БДП во ЕУ годинава и 3,9% за следната година, по падот од 6,3% во 2020 г. Проценките на Комисија се дека економиите на земјите-членки на ЕУ во 2022 г. ќе се вратат на ниво пред кризата од пандемијата на Ковид-19.

Комисијата, исто така, предвидува раст на економијата на еврозоната од 3,8% за двете години. Според прогнозите, инфлацијата во еврозоната од 0,3% во 2020 г. се очекува да се зголеми на 1,4% во 2021 г. Со мало ублажување на 1,3% во 2022 г.

Во извештајот на Европската комисија се наведува дека по растот во третиот квартал на 2020 г., економската активност во ЕУ повторно паднала во четвртиот квартал поради вториот бран на пандемијата и обновените мерки за затворање. Ризиците се порамномерни од есента, иако остануваат високи и главно се поврзани со развојот на пандемијата и успехот на кампањите за вакцинација. Позитивните ризици се поврзани со можноста процесот на вакцинација да доведе до побрзо олеснување на мерките за ограничување и порано или посилно закрепнување.

Прогнозата зависи од две важни претпоставки поврзани со пандемијата. Првата е дека по значително затегнување во четвртиот квартал од 2020 г. мерките за ограничување остануваат строги и во првиот квартал од 2021 г. Според претпоставките мерките за ограничување ќе започнат да се олабавуваат кон крајот на вториот квартал, а потоа и поизразено во втората половина на годината кога треба да бидат вакцинирани најранливите и поголем дел од возрасната популација. Втора претпоставка е дека мерките за ограничување ќе останат на маргините кон крајот на 2021 г. и само мерки насочени кон одредени сектори ќе бидат уште присутни во 2022 г.

Во прогнозата вклучени се само оние мерки што биле донесени и објавени и специфицирани детално во националните буџети. Во пракса, ова значи дека економските проекции на само неколку земји-членки земаат предвид некои мерки што се очекува да бидат финансирани во рамките на инструментот NextGenerationEU - чиј централен дел е Механизмот за заздравување и отпорност со 672,5 милијарди евра заеми и грантови за поддршка на реформите и инвестициите во земјите на ЕУ.

„Со мерките кои се на сила се очекува економиите на ЕУ и еврозоната да забележат опаѓање во првиот квартал од 2021. Економскиот раст треба да продолжи на пролет и да добие интензитет на лето. Подобрените изгледи за глобалната економија, треба да го поддржат закрепнувањето на ЕУ", се наведува во извештајот на Комисијата.

Прогнозата зема предвид дека ЕУ и Велика Британија се согласија за Договорот за трговија и соработка, кој привремено се применува од 1 јануари 2021 г. Следната Европска економска пролетна прогноза, Европската комисија ќе ја објави во мај 2021 година.

https://ec.europa.eu

## Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Европска економска зимска прогноза 2021 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Годишно истражување на Евробарометар | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Финансиска поддршка за земјите-членки на ЕУ | 6 |
| Построги барања за известување за европските компании | 6 |
| Франција - најголема довербата кај градоначалниците | 7 |
| Намалување на трошоците за роаминг помеѓу ЕУ и Западен Балкан | 7 |
| Помал пад на БДП на еврозоната од очекуваниот | 8 |
| Нова трговска политика на Европската Унија | 8 |
| Реформа на заедничката земјоделска политика на ЕУ | 9 |
| Целосна декарбонизација до 2050 и горива на иднината | 9 |
| Прв енергетски остров | 10 |
| Ден на побезбеден интернет 2021 | 10 |
| Внимателен оптимизам за авиосообраќајот во 2021 | 11 |
| ЕУ календар / март 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 08-11 февруари 2021***

Европскиот парламент и Советот се согласија за зајакнување на постојната законска рамка за цивилна заштита, како одговор на пандемијата Ковид-19. Целта на новите одредби ќе биде да осигурат дека ЕУ и земјите-членки ќе бидат подобро подготвени да одговорат на итни случаи од поголем размер.

Во дебатата за состојбата во Русија, со шефот за надворешна политика на ЕУ, Жозеп Борел некои европратеници ја бранеа целта на неговата посета, додека многумина го осудија патувањето во Москва.

Во резолуцијата усвоена со 592 гласа европратениците ги повикаа Комисијата и земјите-членки да ги зголемат напорите со цел спречување на трајни негативни ефекти на пандемијата врз младите и секторот на спортот. „Инструментите за закрепнување на ЕУ и националните планови за закрепнување мора да понудат краткорочна поддршка на спортот и младите", истакна Сабине Верхајен, претседателка на парламентарната Комисија за култура и образование.

Европскиот парламент усвои препораки најдоцна до 2050 г. да се постигне целта за јаглерод-неутрална, одржлива, нулта токсична и целосно циркуларна економија. Усвоениот извештај со 574 гласа претставува одговор на Акцискиот план за циркуларна економија на Европската комисија.

Европратениците со 582 гласа ја одобрија Регулативата за закрепнување и еластичност (RRF), креирана да помогне на земјите од ЕУ во справување со ефектите од пандемијата Ковид-19. Овој механизам претставува најголем дел од износот од Next Generation EU пакетот за закрепнување.

Европратениците ја повикаа Европската централна банка да разгледа различни мерки од моменталните, заради стимулирање на европската економија. Резолуцијата усвоена со 533 гласа произлезе како заклучок од дебатата со претседателката на ЕЦБ, Кристин Лагард.

Европската унија мора да продолжи со заеднички напори во борбата против пандемијата Ковид-19 и да преземе итни мерки за зголемување на производството на вакцини за да ги исполни очекувањата на граѓаните, истакнаа европратениците. Мнозинство европратеници нагласија дека ЕУ ги донела вистинските клучни одлуки, особено за колективниот европски пристап кон вакцинирањето и за застапувањето за правата на граѓаните ставајќи ја безбедноста на прво место и спроведувајќи ги правилата за одговорност на ЕУ.

Европратениците упатија апел до Комисијата и земјите-членки, да се вклучат во спречување на недоволно платениот труд, да се стави крај на сиромаштијата во ЕУ. Тие побараа минимална плата, еднакви услови за работната сила и подобра рамнотежа меѓу животот и работата.

Користењето на сексуални услуги од жртви на трговија со луѓе мора да бидат криминализирани и потребни се потешки мерки за справување, истакнаа европратениците во извештај усвоен со 571 глас. Извештајот дава оценка на Директивата за борба против трговија со луѓе на ЕУ од 2011 година и повикува на посилни мерки против сите форми на трговија со луѓе, насочени кон заштита на жените, децата и мигрантите.

Европратениците повикаа на демократска контрола на технолошките гиганти од Силиконската долина, пред сè за да се заштитат демократијата и слободата на говорот во Унијата. Во дебатата со одговорната за европски прашања Ана Паула Закаријас во рамки на португалското претседателство со Советот, европратениците го критикуваа влијанието на социјалните мрежи врз демократските политички процеси и слободата на истражување. Според европратениците, проблемите ќе бидат решени со правила што регулираат големи платформи и ја повикаа Комисијата да ги реши овие прашања во Законот за дигитални услуги и Законот за дигитален пазар, како и во рамки на Акциониот план на Европска демократија.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

За поддршка на транспортниот сектор за време на пандемијата, европратениците со 683 гласа ги обновија правилата за употреба на аеродромските слотови со цел да спречат празни летови и ја продолжија важноста на некои лиценци. За таа цел Европскиот парламент утврди план како да се врати во нормална примена правилото „користете го или изгубете го“, од кое авиокомпаниите беа ослободени во март 2020 година.

Во резолуцијата усвоена со 505 гласа европратениците го оценија постигнатиот напредок во правата на жените во изминатите 25 години. Изразија длабока загриженост за пандемијата, која ги влошува постојните родови нееднаквости, се заканува да го смени постигнатиот напредок до сега и може да доведе до 47 милиони жени под линијата на сиромаштија ширум светот.

Во резолуцијата усвоена со 642 гласа Европскиот парламент го критикуваше брзото пуштање во работа на нуклеарната централа Островец во Белорусија и континуираниот недостаток на транспарентност и официјална комуникација во врска со честите итни исклучувања на реакторот и дефектот на опремата.



www.europarl.europa.eu

## ГОДИШНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЕВРОБАРОМЕТАР

Годишното истражување на Евробарометар на Европскиот парламент, спроведено од консултантска агенција Кантар во ноември и декември 2020 година го одразува влијанието што го имаше пандемијата на коронавирусот врз јавното мислење во ЕУ.

Речиси половина од анкетираните (45%) изјавиле дека борбата против сиромаштијата треба да биде на врвот на агендата на Европскиот парламент, што е за 17% повеќе од истражувањето во претходната година.

Светска банка во повеќе наврати претходно оцени дека пандемијата директно ќе влијае на растот на сиромаштијата во светот и дека во текот на 2020 година, поради економското забавување и ограничената мобилност, меѓу 88 и 115 милиони луѓе ширум светот би можеле да бидат втурнати во екстремна сиромаштија.

Анкетата покажала дека борбата против тероризмот и организираниот криминал е со 35% проценти и меѓу приоритетите за граѓаните, а 33% од испитаниците сакаат полесен пристап до квалитетно образование.

За заштитата на животната средина и биодиверзитетот како главна задача се изјасниле речиси ист процент на граѓани како и во истражувањето за 2019 година, односно 32%, но тогаш екологијата со сличен процент била на врвот на списокот со приоритети на учесниците во истражувањето. Според авторите на студијата, ваквата промена на приоритетите на граѓаните е директна последица од пандемијата.

Во истражувањето, еден од двајца учесници истакнал дека има прилично добро или многу добро мислење за ЕУ, што е зголемување за 10% во споредба со 2019, а само 14% од испитаниците изразиле негативно мислење за Унијата.

EUROBAROMETER

За овој подобрен имиџ на ЕУ кај населението во одлучувачка мерка придонел и историскиот план за стимулации на „Next Generation EU“, па така 72% од испитаниците до некаде или целосно се согласиле со оценката дека тоа ќе им овозможи на земјите од ЕУ побрзо да ги зајакнат економиите од последиците од пандемијата.

Како главна причина за поделбите меѓу владите на ЕУ и земјите-членки, 47% од граѓаните ја навеле мигрантската криза. Следува несогласувањето меѓу националните влади и Брисел за заштита на животната средина (20%), земјоделството и риболовот (20%) и јавното здравство (19%).

https://www.euractiv.com
https://www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 18 февруари се сретна со известителот за Република Северна Македонија во Европскиот Парламент, Илхан Кјучук. Џафери изрази благодарност за ангажманот на известителот Кјучук за изготвувањето на резолуција за напредокот на земјата во 2019 и 2020 г. со надеж дека финалниот документ кој треба да биде изгласан на почетокот на март, ќе содржи објективни оценки за состојбите во државата, ќе го нотира напредокот и јасно ќе повика на почеток на преговорите за членство. Тој нагласи дека Република Северна Македонија е позитивен пример за регионална соработка и дека државата останува посветена на Договорот за добрососедство со Бугарија како добра основа за надминување на разликите, враќање на довербата и отворање на вратите за почеток на пристапниот процес.

Одделни средби со известителот во ЕП Илхан Кјучук оствација: Јован Митрески координатор на пратеничката група на СДСМ и коалицијата ,,Можеме“, Никола Мицевски координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, и Скендер Реџепи-Зејди координатор на парламентарната група АА/ААА. На одделните средби со координаторите беше разговарано за работата на Собранието и предизвиците во парламентарното работење за време на пандемијата Ковид-19, за процесот „Жан Моне“, актуелните случувања и состојби околу функционалноста, ефикасноста, дијалогот и соработката помеѓу власта и опозицијата, како и помеѓу пратениците и пратеничките групи во рамките на Парламентот.







Претседателот Џафери во месец февруари 2021г. оствари одделни средби со повеќе амбасадори на земји-членки на Европската Унија: Романија, Хрватска и Грција. На средбите претседателот Џафери ги информира амбасадорите за актуелните активности на Собранието и упати благодарност за досегашната билатерална соработка. Соговорниците изразија подготвеност за унапредување на меѓупарламентарната соработка и споделување на заедничките искуства од надворешната политика и парламентарната дипломатија. Амбасадорите ја потврдија поддршката на Република Северна Македонија во евроинтегративниот процес.





Претседатлот на Собранието, Талат Џафери имаше свои обраќања на работниот состанок на Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за правата на лицата со хендикеп и основањето на ИППГ за правата на Ромите. Претседателот Џафери во своите обраќања изрази верба дека како пратеници на народот во законодавниот дом ќе останат доследни на донесување законски решенија во полза на сите, коишто ќе го олеснуваат животот, ќе овозможат еднаков третман, пристап и можности за секој граѓанин, без оглед на неговата етничка, верска, полова, социјална и културолошка припадност, а секако, во ниту еден случај, во зависност од неговата физичка можност или неможност.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Александар Николоски во текот на февруари годинава оствари серија на одделни средби со амбасадори на земји-членки на ЕУ: Унгарија, Бугарија, Кралство Шведска, Кралство Холандија и Романија. Средбите беа со цел остварување на соработка, запознавање со улогата и целите на НСЕИ кои претстојат во процесот на преговорите со ЕУ, инклузивниот состав и консензуално одлучување во Советот. На средбите Николоски најави активна агенда на Советот и можност претставниците на земјите-членки на ЕУ активно да партиципираат во работата на НСЕИ, да споделат искуства и експертиза во процесот на европската интеграција.





Претседателот на Комисијата за европски прашања на Арбер Адеми, на 18 февруари 2021г. оствари средба со францускиот амбасадор во земјата, Н.Е. Сирил Бомгартнер, на која Адеми го истакна значењето на поддршката од Франција во евроинтегративните аспирации на нашата држава. Двајцата соговорници разменија мислења за актуелните случувања во земјата и заклучија дека за евроинтегративните процеси од најголема важност е широкиот консензус за ЕУ прашањата на политичките партии во Собранието, но и севкупниот граѓански консензус. Адеми на 23 февруари 2021г. оствари средба и со амбасадорот на Албанија во нашата земја, Фатос Река на која беше поздравена успешната соработка меѓу двете држави. На 4 и 11 февруари 2021г. Комисијата за европски прашања на Собранието одржа две седници на кои ги разгледа: Предлогот на закон за меѓународна соработка во кривичната материја, Предлог на закон за системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење сметководствени работи.

Пратеничката група на Собранието за соработка со балтичките земји Естонија, Латвија и Литванија, на 12 февруари 2021г., одржа онлајн состанок со претседателката, Лаима Луција Андрикиене и членовите на литванската Меѓупарламентарна група за соработка со парламентите на земјите од Западниот Балкан. Соговорниците разменија мислења за евроинтегративниот процес на нашата држава, актуелните случувања и продлабочување на соработката меѓу двата парламента во Парламентарното собрание на Советот на Европа.





Претседателката на Клубот на пратенички, Лолита Ристова, на 22 февруари оствари средба со шефот на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија, Дејвид Гир, и го информираше за формирањето, составот, улогата и достигнувањата на Клубот, како и за трите главни поенти на кои ќе биде насочен Клубот во наредниот период меѓу кои: 50:50 застапеност на жените во политиката, нивна поголема видливост во политичкиот живот и квотата на жени во извршната власт, од декларативната заложба да стане реалност.

Одделни средби со шефот на Делегацијата на ЕУ, Дејвид Гир остварија и претседателката на Комитетот за односи меѓу заедниците, Арбана Пашоли, Координаторката на ИППГ за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, Маја Морачанин и координаторот на Клубот за младински прашања и политики во рамки на Собранието, Јован Јаулески.







## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ НА ЕУ




Европската комисија исплати 14 милијарди евра на девет земји-членки на ЕУ, во четвртата транша од финансиската поддршка наменета за зачувување на работните места. Од средствата, Белгија доби 2 милијарди евра, Кипар 229 милиони евра, Унгарија 304 милиони евра, Летонија 72 милиони евра, Полска 4,28 милијарди евра, Словенија 913 милиони евра, Шпанија 1,03 милијарди евра, Грција 728 милиони евра и Италија 4,45 милијарди евра.

Комисијата наведува дека овие заеми ќе им помогнат на земјите-членки на ЕУ во решавањето на зголемените јавни трошоци за да се зачува вработеноста, односно на земјите-членки да им се помогне да ги покријат трошоците директно поврзани со финансирањето на националните шеми на ограничено време и слични мерки кои биле воведени како одговор на пандемијата од коронавирусот.
По оваа транша на исплата на средствата, 15 земји-членки на ЕУ, добија вкупно 53,5 милијарди евра во рамки на инструментот за зачувување на работните места.
Откако ќе завршат сите исплати, Белгија ќе добие 7,8 милијарди евра, Кипар 479 милиони евра, Унгарија 504 милиони евра, Летонија 192 милиони евра, Полска 11,2 милијарди евра, Словенија 1,1 милијарди евра, Шпанија 21,3 милијарди евра, Грција 2,7 милијарди евра и Италија 27,4 милијарди евра.
Брисел наведува дека досега 18 земји-членки добиле одобрение за користење на овие средства во вкупен износ до 100 милијарди евра и дека барањата за помош сè уште можат да се доставуваат до Европската комисија.

https://ec.europa.eu

## ПОСТРОГИ БАРАЊА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЕВРОПСКИТЕ КОМПАНИИ




Според Директивата за нефинансиско известување NFRD, од европските компании со повеќе од 500 вработени во моментов се бара не само да дадат отчет за финансиската состојба, туку и да обезбедат информации од јавен карактер, од нефинансиското работење. Врз основа на повеќе студии, Алијансата за корпоративна транспарентност (ACT) ја повика ЕУ да ги зголеми и точно да ги дефинира барањата за известување за компаниите, вклучително и заштита на животната средина, социјална одговорност и човекови права, антикорупција, како и мерки за унапредување на различностите во одборите на компаниите.
Со Европскиот зелен договор, NFRD сега се ревидира за да им помогне на инвеститорите, потрошувачите, креаторите на политики и др. заинтересирани страни да го проценат нефинансиското работење на големите компании и со цел да поттикнат поодговорен пристап кон бизнисот.
Група инвеститори минатата година ја критикуваа европската директиват дека не напредувала во однос на обврските за известување на големите компании, особено кога станува збор за нивното влијание врз климата и животната средина. Меѓу барањата бил и законот да ги опфати и големите групи, компаниите да ги објавуваат податоците во годишниот извештај за управување и на секторите да им се даваат прилагодени минимални барања за известување. Ова беше проследено со иницијативата ACT, составена од многу невладини организации од цела Европа. Според нив, компаниите треба да ја оценат нивната сопствена стратегија и проценка на ризикот во однос на климатските цели на Парискиот договор и да земат предвид различни сценарија за иден развој на климата.
Европската комисија планира да претстави ревидирана верзија на NFRD до крајот на март годинава, кога ќе биде појасно дали европските компании ќе треба подетално да известуваат за сопственото влијание врз животната средина и климатските цели. За време на фазата на консултации некои компании изразија загриженост и повикуваа на усогласување на барањата во земјите-членки за стандардизирање на различните национални рамки во иднина.

https://www.euractiv.com

## ФРАНЦИЈА - НАЈГОЛЕМА ДОВЕРБАТА ВО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ



Годишниот барометар на Le Cevipof (Центар за политички науки) во 2020г. забележал зголемување на довербата на Французите кај градоначалниците, регионалните советници и сродни институции. Околу 65% од Французите имаат доверба во својот градоначалник (+2 поени), 51% во нивните регионални советници (+7 поени), 50% во своите општи или департмански советници (+5 поени).

Довербата во поврзаните институции исто така расте, покажува истражувањето на ОпинионВеј за Цевипоф, со поддршка на три тинк-тенк организации (Институт Монтењ, Фондација Жан жорес, Фондација за политички иновации и Цезе. На својот пратеник му веруваат само 44% од испитаниците и 37% на актуелниот претседател на Републиката, но овие стапки се зголемуваат за 7 поени во споредба со последното истражување од февруари 2020 г. Французите најмногу имаат доверба во медицинскиот персонал (85%) и науката (78%). Сепак, само 16% (+3 поени) од Французите им веруваат на политичките партии и 28% на медиумите. Дури 80% од испитаниците сметаат дека политичарите не се грижат за нивното мислење, дека „зборуваат премногу и не делуваат доволно” (74%) и „се исклучени од реалноста” (70%). Побројни се Французите (44%, +6 поени) што сметаат дека е потребно „земјата да се заштити повеќе отколку да се отвори” (19%, -4 поени), особено на миграциски план, додека 34% не размислуваат ни за едното ни за другото.

https://www.lefigaro.fr

## НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РОАМИНГ ПОМЕЃУ ЕУ И ЗАПАДЕН БАЛКАН

На состанокот на 23 февруари годинава организиран од Советот за регионална соработка (RCC), присуствуваа претставници на Европската унија, министри за информатички и комуникациски технологии и регулаторни тела од регионот, на кој разговараа за спроведувањето на регионалниот договор за намалување на цените на роамингот и идните чекори кон намалување на цените на роамингот помеѓу ЕУ и Западен Балкан.

Генералната секретарка на РСС, Мајлинда Брегу оцени дека укинувањето на роамингот на Западен Балкан на 1 јули 2021 година претставува чекор поблиску до намалување на цените на роаминг со Европската унија. Брегу истакна дека потпишувањето на Договорот за намалување на цените на роамингот на Западен Балкан во април 2019 година е историско достигнување и еден од главните резултати на Дигиталната агенда за Западен Балкан.

Трошоците за роаминг помеѓу Западен Балкан и Европската унија се огромни и не се засноваат на условите на пазарот. Поради екстремно високите цени на роаминг, граѓаните од регионот плаќаат четири пати повеќе за иста услуга отколку граѓаните на Европската унија.

Западен Балкан без роаминг и намалување на цените на роаминг со ЕУ се дел од програмата на заедничкиот регионален пазар, за што лидерите на Западен Балкан се обврзаа на самитот во Софија во ноември 2020 година.

https://euractiv.rs

## ПОМАЛ ПАД НА БДП НА ЕВРОЗОНАТА ОД ОЧЕКУВАЊАТА



Економскиот пад во еврозоната во четвртиот квартал од 2020 год. како резултат на воведувањето мерки за „затворање" поради коронавирусот, бил помал од очекуваниот, покажуваат прелиминарните проценки на Евростат од 2 февруари 2021 година.
Според Бирото за статистика на ЕУ и нивната брза проценка, БДП на 19-те земји од еврозоната се намалил за 0,7% во последните три месеци во однос на претходниот квартал, додека во споредба со четвртото тримесечје во 2019 година паднал за 5,1%.
Економистите предвидуваат дека трендот на пад на економијата ќе продолжи и во првиот квартал на 2021 година, каде во првиот квартал падот веројатно ќе биде нешто поостар, но не како оној во првата половина на 2020 г.
Прелиминарните податоци на Евростат покажуваат дека Франција и Италија, чии економии се на второ и трето место по големина во ЕУ, забележаа пад на БДП на годишно ниво од 1,3% и 2,0%, во последниот квартал од минатата година. Од друга страна, Германската економија порасната за 0,1% во споредба со третиот квартал, а Шпанската економија за 0,4%.
Евростат соопшти дека според првите проценки од 2020 година, врз основа на сезонски и календарски прилагодени квартални податоци, економијата во еврозоната паднала за 6,8%, а во 27-те земји-членки на Европската унија за 6,4%.
Според Европската статистичка служба, ова е најдлабокиот годишен пад откако таква евиденција започнала да се води во 1995 година. Дури и по глобалната финансиска и економска криза од 2008 година, падот следната година бил 4,3%, забележува Евростат.

https://www.reuters.com

## НОВА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА



Клучни столбови на новата трговска политика на ЕУ, која Европската комисија ја презентира на 18 февруари годинава ќе бидат: поостар пристап со партнерите, поголем фокус на климата и работничките права. Трите клучни зборови на новиот пристап ќе бидат „отворен, одржлив и наметлив", истакна извршниот потпретседател на Комисијата одговорен за трговија, Валдис Домбровски.
Промовирањето на одржливи трговски практики ќе подразбира „засилување на поддршката за работничките права", вклучително и развивање на правила за борба против присилна работа. Како што беше најавено, шефот за трговија на ЕУ истакна дека Комисијата ќе подготви инструмент за заштита на блокот од потенцијални принудни активности на трети земји.
Ќе се истражи можноста за креирање стратегија на ЕУ за извозни кредити како одговор на поддршката дадена од други партнери, вклучително и можноста за воспоставување на европски кредитен субјект за извоз. Извршното тело на ЕУ работи и на правен инструмент за решавање на нарушувањата предизвикани од странски субвенции на внатрешниот пазар на ЕУ. Овие нови инструменти ќе бидат приоритет на предлозите усвоени минатата година за зајакнување на нејзината алатка за трговија.
ЕУ има 46 трговски договори потпишани со 78 партнери низ целиот свет и според Комисијата, 35 милиони работни места во ЕУ зависат од трговијата.

https://www.euractiv.com

## РЕФОРМА НА ЗАЕДНИЧКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА НА ЕУ



Повеќе од 300 европски организации на 17 февруари годинава објавија писмо за вклучување на одредби за правата на работниците во реформата на Заедничката земјоделска политика на ЕУ (CAP). Во писмото се наведува дека директните плаќања треба да бидат условени со почитување на применливите услови за работа и вработување според соодветни колективни договори. Ова ги вклучува националното и законодавството на ЕУ, како и конвенциите на Меѓународната организација на трудот (ILO).

И покрај признанието на националните влади и ЕУ институции, за неопходноста од овие работници и нивната важност во периодот на пандемија, многу земјоделски работници се соочуваат со проблеми поврзани со нехумани услови за работа, лоши плати, долго работно време, непријавена работа и подстандардно домување, било наведено во писмото.

Предложената „социјална условеност“, поддржана од Европскиот парламент ќе опфаќа прашања за работното време, здравјето и безбедноста, домувањето за сите работници во земјоделството, вклучително недомицилните земјоделски работници и мигрантите.

На состанокот на Специјалниот комитет за земјоделство (SCA) на 8 февруари годинава, главни забелешки на земјите-членки биле дека социјалната условеност не била во оригиналниот предлог на Комисијата и дека тоа не е во надлежност на CAP, што веќе било предмет на еколошка условеност. Меѓу оние кои најмногу се спротивставиле на вклучувањето на социјалната условеност се Унгарија, Бугарија, Хрватска, Чешка и Литванија.

Досега биле поднесени три опции за вклучување на социјалната условеност во реформата на CAP: социјалната условеност со казни со судски пресуди; вклучување на поглавје за социјална условеност во националните стратешки планови; и развивање на специфична одредба за „условите за спроведување“ што Комисијата би ја проверила пред да ги одобри националните стратешки планови. Моментално, ниту една од опциите што се дискутираат нема јасно мнозинство меѓу министрите за земјоделство на ЕУ.

https://www.euractiv.com

## ЦЕЛОСНА ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА ДО 2050 И ГОРИВА НА ИДНИНАТА



Во европската стратегија за почиста животна средина се предвидува целосна декарбонизација на европската тешка индустрија и на транспортот до 2050 година. Во тој правец е воведување на горива на иднината, пред сè на водородот, но поради скапиот процес за негово производство и специфичната технологија, оваа улога би можела да му се додели на амонијакот. Со комерцијализација на обновливото производство на амонијак, првиот сектор со директна полза од декарбонизацијата е индустријата за ѓубрива, а со неа и синџирот на снабдување со прехранбени производи. Индустријата за ѓубрива ги идентификува најперспективните технологии за производство на зелени ѓубрива.

Производството на амонијак е одговорно за околу 5% од светската потрошувачка на гас. За да се декарбонизира овој процес, фосилните горива што се користат за производство на амонијак (клучна компонента на минералните ѓубрива) мора да бидат заменети со обновлива енергија. Зелениот амонијак може да се користи за производство на зелени ѓубрива. Ако ѓубривото се декарбонизира, тоа би довело до значително намалување на јаглеродниот отпечаток на земјоделското производство и чекор кон декарбонизирање на храната.

https://www.euractiv.com

## ПРВ ЕНЕРГЕТСКИ ОСТРОВ



Данска одобри план за изградба на првиот енергетски остров во светот, во Северното Море кој ќе произведува и складира доволно зелена енергија за потребите на три милиони европски домаќинства за електрична енергија.
Вештачкиот остров, со големина од 18 фудбалски игралишта ќе биде поврзан со стотици турбини на ветер и ќе обезбедува енергија за домаќинствата и за индустријата. Островот ќе биде поврзан со повеќе европски земји.
Планот на Данска доаѓа паралелно со најавата за амбициите на Европската Унија, за трансформација на електроенергетскиот систем, кој во рок од десет години треба да се базира на обновливи извори на енергија и зајакнување на капацитетот на ветерните електрани.
„Ова е голем момент за Данска и за глобалната зелена транзиција“ истакна данскиот министер за енергетика Дан Јоргенсен. Енергетскиот јазол во Северното Море ќе биде најголемиот градежен проект во историјата на Данска, а изградбата на островот ќе чини речиси 34 милијарди долари.
Данска постави амбициозна цел за намалување на емисиите на јаглерод за 70% до 2030 година во споредба со нивото од 1990 година. Целта на Данска е да постигне неутралност на јаглерод до 2050 година.

https://www.euronews.com

## ДЕН НА ПОБЕЗБЕДЕН ИНТЕРНЕТ 2021

Денот на побезбеден интернет - 9 февруари, годинава беше посветен на промовирање на побезбедна и поодговорна употреба на онлајн технологиите и мобилните телефони.
Европската комисија ги разгледува најчестите процедури за идентификација што се користат за пристап до мрежни услуги. Во 2020 година, 3 од 4 лица во ЕУ на возраст од 16-74 години се најавиле на интернет мрежата на услуги користејќи го своето корисничко име и лозинка. Податоците се различни кај земјите-членки на ЕУ: во Холандија 91% од луѓето на возраст од 16-74 го користеле овој метод за најава, додека Романија забележала најниско учество (45%).
Втората најпопуларна постапка за идентификација бил „кодот добиен по порака на мобилен телефон“, кој го користеле 46% од луѓето на возраст од 16 -74 години. Потоа е употребата на „најава за социјални медиуми“ (34%), „електронски сертификат за идентификација или картичка што се користи на пример со читач на картички или со апликација“ (22%).
Уделот на луѓе кои се најавувале на услуги преку интернет користејќи мобилен телефон каде што се добива код преку порака, исто така е различен во ЕУ. Највисоко учество е забележано во Данска (76%), Холандија (74%) и Чешка (73%).
Спротивно на тоа, најниските удели се забележани во Бугарија (9%), Романија (14%), Грција и Литванија (по 22%).

https://ec.europa.eu




ec.europa.eu/eurostat

## ВНИМАТЕЛЕН ОПТИМИЗАМ ЗА АВИОСООБРАЌАЈОТ ВО 2021

Земјите низ целиот свет презедоа различни ограничувачки мерки од почетокот на 2020 година заради спречување на ширењето на пандемијата со Ковид-19, од кои особено беше погодена индустријата на воздушниот транспорт. Првото влијание беше во март 2020 година со 44% намалување на вкупниот број на комерцијални летови (патници, товарни и пошта) во ЕУ во споредба со истиот месец во 2019 година.
Со ограничувања на мерките за Ковид-19, најзначајните падови на бројот на комерцијални летови биле забележани во април 2020 (-91% во споредба со истиот месец во 2019 година), мај (-90%) и јуни (-84%).
За време на летните месеци, имало делумно закрепнување, со падови од 64% во јули и 53% во август, со натамошни падови во септември (-59%), октомври (-62%), ноември (-68% ), декември (-67%), без знаци на закрепнување во новата година: јануари 2021 година (-68%).
По намалувањето на комерцијалните летови во 2020 год. пандемијата продолжи да се одразува на аеродромите во ЕУ, во јануари годинава најголем пад на комерцијални летови се забележани во најголемите европски центри за воздушен транспорт: Минхен (-25 400 комерцијални летови во споредба со јануари 2020 година, или -85%), Париз/Шарл де Гол (-23 500 или - 63%), Амстердам (-23 100, или -61%), Франкфурт (-23 100, или -64%) и Мадрид (-22 900, или -70%). Голем пад на летовите бил забележани и на другите големи аеродроми во ЕУ како што се Барселона, Рим, Виена, Копенхаген, и Дизелдорф.
Кај менаџментот на авиокомпаниите преовладува претпазлив оптимизам во однос на прогнозите за 2021 година, со очекување пазарот да заживее напролет, без оглед на ограничувањата. Меѓународната асоцијација за воздушен транспорт IATA проценува дека загубите на авиокомпаниите годинава изнесуваат околу сто милијарди евра, додека за следната година се очекува да бидат „само“ 39 милијарди американски долари.

https://ec.europa.eu/eurostat
https://www.dw.com




***ЕУ КАЛЕНДАР / март 2021***

*1. Денови на граѓанско општество, 1-5/03/2021, виртуелен настан*
*2. Две пленарни сесии на Европскиот парламент, 08-11 и 24-25/03/2021, Стразбур,*
*3. Меѓународен ден на жената 2021: За повеќе жени во политиката, 08/03/2021, виртуелен настан*
*4. Европска младинска конференција, 12-1503/2021, виртуелен настан.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




